ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Комисија за спроведување на постапки за електронско јавно наддавање

бр.11- 912/3 од 13.12.2019 година

Гевгелија

Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија при општина Гевгелија, врз основа на член 58 став 5 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) а во врска Објавата бр.03 (18.11.2019) за отуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање во општина Гевгелија, на ден 13.12.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ПОНИШТУВА Објавата број 03 (18.11.2019)** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање и Исправка на објава број 03/2019 (20.11.2019) објавени во дневниот печат "Нова Македонија" и "Вечер" од 20.11.2019 година и 21.11.2019 година и во Службен весник на Република Северна Македонија, **за градежната парцела во табеларниот преглед под реден број 7 и тоа за**:

- **Градежна парцела бр.40** составена од КП бр. 5784/1 и КП бр.5794/2 КО Гевгелија, со вкупна површина од 1078 $м^2$ со намена А2 Домување во станбени згради, **со закажана аукција на ден 25.12.2019 година во 09:00 часот.**

Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето а ќе биде објавено во печатените медиуми"Нова Македонија" и "Вечер" и во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште во општина Гевгелија објави Објава за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија бр.03 (18.11.2019) и Исправка на објава број 03/2019 (20.11.2019) објавени во дневниот печат "Нова Македонија" и "Вечер" од 20.11.2019 година и од 21.11.2019 година и во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Во текот на постапката а пред истекот на крајниот рок за доставување на пријавите за учество, Комисијата увиде несоодветност во податоците дадени во табеларниот преглед под реден број 7 за градежната парцела - Г.П.бр. бр.40 со закажана аукција на ден 25.12.2019 година во 09:00 часот, кои би го оневозможиле натамошното водење на постапка за отуѓување на градежното земјиште.

Следствено на наведеното а согласно член 58 став 5 од Законот за градежно земјиште Комисијата одлучи како во диспозитивот на решението.

Комисија за спроведување на постапки
за јавно наддавање на градежно земјиште